Македонско здружение на млади правници

Скопје, 03.05.2010 година

# World Press Freedom Day 2010

## Светски ден за слободни медиуми 2010

## Слободен пристап до информации: Право да знам!

**ГО ИСТАКНУВАМЕ ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ НА СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА СЛОБОДНИ МЕДИУМИ!** Фондацијата Институт отворено општество - Македонија, Македонското здружение на млади правници и Младинскиот образовен форум го одбележуваат **Светскиот ден за слободни медиуми 2010 година**, кој оваа година е посветен на слободниот пристап до информациите.

Овој ден, **3 МАЈ, НЕ ПОТТИКНУВА ПОВТОРНО ДА СЕ СЕТИМЕ НА ВАЖНОСТА НА НАШЕТО ПРАВО ДА ЗНАЕМЕ!** Слободниот пристап до информации е принцип, според кој, властите во државата имаат обврска да ги даваат информациите, односно да обезбедуваат пристап до информациите кои ги држат и креираат, на сите заинтересирани кои ги бараат. Правото на слободен пристап до информации е основно право за остварување на другите права за поголема транспарентност, правда и развој на отвореното општество. Ова право заедно со правото на слободно изразување лежи во основата на демократијата.

Правото на слободно изразување, слободата на сопствено мислење и примање и пренесување на информации или идеи без било какво мешање на јавната власт е гарантирано во **ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**. Дополнително, **УНИВЕРЗАЛНАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА** потврдува дека правото на слобода на мислење и изразување во себе ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и **ДА СЕ БАРААТ, ДА СЕ ПРИМААТ И ДА СЕ ДАВААТ ИНФОРМАЦИИ И ИДЕИ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ И БЕЗ ОГЛЕД НА ГРАНИЦИТЕ**. Во **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА со УСТАВОТ** се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информациите, а се обезбедува со **ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР.**

Организациите кои ви се обраќаат, Фондацијата Институт отворено општество – Македонија, Македонското здружение на млади правници и Младинскиот образовен форум во изминатите години активно работат на промовирање на правото на

слободен пристап до информациите од јавен карактер. Со одбележување на Светскиот ден на слободните медиуми 2010 сакаме да ви укажеме дека **МОЖЕТЕ ДА КОРИСТИТЕ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ** преку застапување пред институциите и судовите во остварувањето на ова право. Сметаме дека за новинарите и за медиумите пристапот до информации е од исклучително значење заради пренесување и изнесување на вистината.
Можете да ни се обратите на **БЕСПЛАТНИОТ ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ 0800 44 222.**

Со почит,

Данче Даниловска, координатор на проект
Фондација Институт отворено општество – Македонија

Јасмина Брезовкса, координатор на проект
Македонско здружение на млади правници

Сања Божовиќ, координатор на проект
Младински образовен форум